Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерот за транспорт и врски на ден06.06.2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче,** кој го донесува Министерството за транспорт и врски, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи, засегнати од имплементацијата на планскиот документ **ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина** Конче, се определуваат: Локална самоуправа на општина Конче; Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за внатрешни работи; Министерство за транспорт и врски; Министерство за здравство; Министерство за економија; Министерство за локална самоуправа; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство; Министерство за образование и наука, А.Д. “Водостопанство на Република Македонија“, Дирекција за заштита и спасување; Центар за управување со кризи, ЕВН; МЕПСО; Македонски телекомуникации; ЈП Македонски шуми, комунални претпријатија; здруженија на граѓани и др.
3. За планскиот документ **ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче,** за чија изработка е одговорна Агенција за планирање на просторот-Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економската состојба, влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени, влијанија врз квалитет на површински и подземни води, влијанија врз почви, влијанија поврзани со управување со отпад, влијанија од бучава и вибрации, влијанија врз биолошка разновидност и природно наследство, влијанија врз предел, влијанија врз материјални добра, влијанија врз културно и историско наследство, влијанија од несреќи и хаварии**.
5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Министерството за транспорт и врски** (на следната адреса: **www.mtc.gov.mk**).
6. Против оваа одлука, јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Министер**
**Горан Сугаревски**

**Бр.** 24-5108/1

**Место:Скопје**

Scanned by CamScanner